# НАСТАВА

*Љ. СТАМАТОСКА*

## СВЕЧЕН ЧАС ПО ИСТОРИЈА, ПОСВЕТЕН НА 80 ГОДИШНИНАТА ОД РАЃАЊЕТО НА ЈОСИП БРОЗ ТИТО

### — Пример на вончасовна активност по историја во Гимназијата „Јосип Броз Тито" во Скопје —

Секоја година во месец мај, во Гимназијата „Јосип Броз Тито" во Скопје, се чувствува посебна раздвиженост. Денот на младоста и родениот ден на Јосип Броз Тито во исто време се и празник на Гимназијата. Тогаш се одржуваат разни натпревари, литературни читања, се распишуваат конкурси, се изготвуваат реферати, се одржуваат разни свечености итн.

Јубилејот на другарот Тито (80 години од раѓањето и 35 години од доаѓањето на чело на КПЈ) учениците и наставно-воспитниот персонал ги обврза да изработат програма за прослава, што ќе ги надмине сите досегашни.

Меѓу другите манифестации се пријде кон разработка на предлогот да се организира свечен час, посветен на животното дело на Јосип Броз Тито. Таа задача му беше доверена на $IV_5$ клас.

Вончасовната активност претставува многу значајна дејност во работата на класните заедници. Зафаќајќи се со организацијата на еден таков час, однапред не можеше да се предвиди какви се тешкотии ќе се сретнат во работата. Просторните можности на Гимназијата „Јосип Броз Тито" не даваат ни минимум услови за вончасовна работа, кое нешто бараше посебни напори. Сепак, најголема тешкотија претставуваше проблемот како во 45 минути да се изнесе неопходното за една историска личност, која одамна престанала да биде историска само за југословенските народи. Потоа, пред учениците се поставија и ред во почетокот сериозни проблеми, како:

— на кој период од големиот револуционерен пат да се задржат учениците повеќе;

— како да се обработи делот за улогата што ја има Тито во решавањето на македонското национално прашање;

— какво е значењето на Тито во меѓународното работничко движење и каков е придонесот во оживотворувањето на марксистичката мисла за самоуправувањето;

— Тито — творец на братството и единството;

— Тито — градител на мирот;

— кој близок соработник да ги изнесе своите впечатоци на часот за животот и работата на Тито, што треба да има посебен придонес за квалитетот на часот;

— каква илустрација да се избере и во кое време да се вклучи во часот итн.

Мора да се признае дека сите овие прашања помалку ги збунуваа учениците. Но, непобитно е и тоа дека кај нив се појави цврста желба за творечка активност и готовност да се фатат со проблемите, чие решавање за нив ќе значи и самопотврдување. При организацијата на работата се водеше сметка да се вклучат што поголем број ученици и работата да ја вршат самостојно.

Во самиот почеток на работата беа формирани три работни групи: за избор на материјалот што ќе биде изнесен на часот, за организирање на изложба и за технички прашања. Во работата на групите, како и поединечно, беше вклучен речиси целиот клас. Секоја од формираните групи си направи свој план за работа, а постоеше и главен план. Ваквата работа ги навикнуваше учениците на планско и систематско изучување на определената материја, а на заедничките состаноци највнимателно се сослушуваа реферирањата на секој поединец, се анализираше определениот проблем, се систематизираше и се вклучуваше во работната тетратка. Потоа се земаа нови задачи.

Следејќи го револуционерното дело на Јосип Броз Тито, учениците имаат многукратна корист. Тие се поттикнуваат кон лично творештво (се читаат сопствени состави) а во исто време кај нив се изградуваат навици и мислења по определени проблеми. При изведувањето на оваа работа, се учат како да ги користат: учебникот, картата, сликите, илустрациите, документите, делата напишани од самата историска личност што ја обработуваат, делата на класиците на марксизмот-ленинизмот итн. Но секако една од најзначајните страни на оваа форма на активност е надополнување на знаењата од марксизмот-ленинизмот. Ова до толку повеќе што во овој момент оваа област во средните училишта е застапена многу малку и тоа преку најблиските предмети. Во текот на четиригодишното средно образование, учениците имаат можност да дознаат доста и на разни начини како за класиците на марксизмот-ленинизмот, така и за меѓународното работничко движење. Меѓутоа, ваквата, организирана, вончасовна работа, овозможува сестрано запознавање на изучуваната историска личност.

Уште на еден момент сакаме да обрнеме внимание. Тоа е карактеризирацијата на историска личност, во овој случај, на

Јосип Броз Тито. На нашата историографија, како и на нашето општество воопшто, им е туѓ култот на личноста. Засновувајќи се врз поставките на историскиот материјализам, нашата историска наука одамна ги отфрли ненаучните ставови за улогата на личноста во историјата. Обработувајќи ја проблематиката, најважна задача беше да се прикажат народните маси како творци на историјата. Затоа им се посвети посебно внимание на творците на материјалните и културните придобивки — работниците, како и на тоа дека народните движења одлучуваат какви ќе бидат резултатите во текот на историскиот процес. Ако се има ова предвид, може сосема реално да се определи местото и улогата на историската личност, во конкретниов случај на Јосип Броз Тито, во историјата на народите на Југославија, како и во светот. Нашата НОВ и НР, пак, даваат можности преку сликовита карактеризација на Тито да се прикажат народните маси. Да се направи така, најмногу ќе им помогне на учениците самиот Тито. Во целиот свој живот, во секој говор, при секој повод, и кога прима награди од народот, и кога треба нешто да критикува, со едноставни но силни зборови дава оценка како на минатите, така на сегашните настани, а и на трасираниот пат на нашиот социјалистички развиток.

Најпосле, да се организира успешно ваков час, посветен на животот и делото на Јосип Броз Тито, беше неопходно да се почитуваат и следниве методски барања:

1. Јосип Броз Тито да биде прикажан во согласност со времето во кое се појавува тој со својата активност и погледи, а во тесна врска со општествено-политичката положба.

2. Јосип Броз Тито да биде прикажан во тесна врска со работничкото движење кај нас и во светот.

3. Јосип Броз Тито да биде прикажан со особини кои ја красат неговата личност.

Тоа беше основната образовно-воспитна цел на часот.

Работните групи ја сфатија мошне сериозно својата задача.

Групата за избор на материјалот го понесе најтешкиот товар. Таа требаше да го состави и „сценариото" за часот. За да ја изврши со успех таа работа, требаше да се прелистаат многубројни страници од литературата, списанијата, весниците, да се пронајдат цитати од говори како од пријатели така и од непријатели на Тито. На секој работен состанок највнимателно се прегледуваше и се вршеше селекција на материјалот. Откако се насобра материјал кој го опфаќаше целокупниот животен пат на Тито, започна нова фаза во работата, неговата разработка. При тоа им беа дадени задачи на членовите на литературната дружина да подготват свои состави и да се напише поздравно писмо. До дефинитивното оформување беа направени неколку редакции на материјалот.

Не беше помала и задачата што ја имаше групата за изложба. Во зградата во која работи Гимназијата (две смени) нема ниту

едно катче за излагање на трудовите на учениците. Поради тоа се стапи во врска со Етнолошкиот музеј, кој ни отстапи неколку застаклени витрини. Тие беа сместени во еден од најпрометните ходници во Гимназијата. Проблемот со фотографии од животот и делото на Јосип Броз Тито беше решен исто така со вонреден труд. Многу во таа работа на учениците им помогнаа службите во Извршниот совет, Воениот музеј, Историскиот музеј, Редакцијата на „Нова Македонија", како и приватни фотографии. Соработката со овие институции и поединци имаше повеќекратна корист за учениците, зашто влегуваа во работата директно, учејќи се на кој начин може таа да се оствари. Во класот се наоѓаше и ученик фотограф-аматер, кој беше задолжен да направи неколку работни фотографии како од работата на групите, така и од часовите. Подредувањето на изложбата веќе беше многу помал проблем. Изложбата беше отворена на денот на одржувањето на Свечениот час.

Учениците од техничката група имаа задача да поканат врсници од скопските гимназии со кои соработуваат, како и од гимназиите со кои соработува нашата гимназија надвор од Скопје, да одберат фрагменти од говорите на Тито, да ја определат музиката, да обезбедат озвучување на просторијата, снимање на часот на магнетофонска лента итн.



Едно од најинтересните прашања што се постави пред класната заедница беше определувањето на личноста што треба да гостува на часот. Во Југославија и во Македонија навистина има многубројни Титови соработници како од пред НОВ и НР, така и во НОВ и НР, па и по ослободувањето. Предлогот да се покани другарот Крсте Црвенковски, првоборец од Македонија и Потпретседател на Претседателството на СФРЈ, беше примен еднодушно. Ова затоа што Крсте Црвенковски е исто така личност која со својата револуционерна дејност и политичка ангажираност буди посебен интерес. На Потпретседателот на СФРЈ му беше упатена покана. Во неа беше објаснета идејата на часот и му беше предложена тема за која тој ќе зборува, а таа беше: Придонесот на другарот Тито во решавањето на македонското национално прашање. На задоволство на сите ученици од Гимназијата, тој ја прифати поканата. Со одржувањето на свечениот час, всушност, и започнаа свеченостите во Гимназијата „Јосип Броз Тито".

На крајот ќе се задржиме уште на еден момент од организирањето на вакви часови.

Многу е ретка практиката да се сретнат неколку генерации на еден час за да прославуваат заедно. На овој час покрај учениците од третите и четвртите класови, присуствуваа и студенти од Историската група на Филозофскиот факултет со својот професор по методика на наставата по историја, претставници на скопските гимназии, професорите и работните луѓе од Гимназијата „Јосип Броз Тито", претставници на општествено-политичките организации на град Скопје, меѓу кои претседателот на Собранието на град Скопје Драгољуб Ставрев, претседателот на Градската конференција на СКМ Стојче Стојчевски, Кочо Битољану, потпретседателот на Собранието на град Скопје и други, претставници на печатот и Радиото. Така дојде до сестрана соработка, како помеѓу стручни институции така и помеѓу општествено-политички организации. А во Скопје, па и не само во Скопје, има можност да се одржуваат повеќе такви часови за да се „искористи живата историја", како што рече академикот Михајло Апостолски по еден сличен час, одржан пред неколку години.

* * *

Трудот што го вложија учениците во организирањето на часот под раководството и упатствата на својот наставник по историја и класен раководител, даде мошне задоволителни резултати. Имено, часот, којшто тие целосно го „режираа", беше исполнет со богата и разновидна содржина и звучни ефекти. Тоа го овозможија и современите технички средства што беа користени на часот. Се разбира, презентираниот материјал од учениците беше поврзан со животот и делото на Тито,

16*

На пример, преку магнетофонската лента, во погодни моменти, учениците го илустрираа часот со познати песни за Тито („Херој Тито“, „К'о челик сме ние, со Титови сили . . .“ и др.).

Освен тоа не изостана и одбраната ефектна поетска реч, што се слушна било од магнетофон или од самите ученици кои настојуваа во уметнички стил да ги изразат стиховите сврзани со ликот на Тито и неговото дело. Така, на часот го чувме и познатиот „Титов напред“:

„. . . И ветер дувна и магла се крена
закреска орел од облак и блесна
сонце што славно храни, грее
и гласот Титов се истури ко дожд
врз челад измачена, но секогаш жедна
за зборот негов—
‚напред' . . .“

Пропратени во фон со борбената партизанска песна, стиховите беа прокоментирани од учениците чии состави потсетуваа на славните денови од НОБ кога е и испеана оваа песна:

„. . . Низ бури и крв Титовиот „Напред“ го покажуваше патот кон сонцето што толку долго беше скриено зад темнината. Неговиот поглед и збор ги оживуваа последните сили во главните, изморени борци и тие одеа кон нови јуриши и победи. А секоја капка крв од нивните рани раѓаше болка во Титовото срце, но и уште една упорност повеќе да истраат до крај. Во секој миг, во секоја битка, тој знаеше да ја покаже својата безгранична љубов и грижа кон сè што е човечко и храбро . . .“

Ваквите и слични инсерти на звукот, стиховите и нивните коментари во текот на часот во значителна мера го засилуваше емотивното доживување на Титовата личност кај присутните.

Други ученици на погодни места цитираа искажувања за Тито и од други личности, па дури и од непријателите, кои му ги признавале неговите способности на голем војсководач и се восхитувале на неговата храброст. Така, по неуспехот на IV-та непријателска офанзива, Хајнрих Химлер изјавил: „Тито е наш непријател, но јас би сакал Германија да има една дузина Титовци кои би имале таква решителност и такви нерви, никогаш да не се предаваат иако се наполно опколени“.

Значајна улога на часот имаа учениците, кои настапија со свои состави во кои говореа за животниот пат, за делото на Тито. Притоа предметниот наставник, односно класниот раководител, ги предупредуваше учениците при подготовката на часот, своите излагања хронолошки да ги изложуваат за да има одредена систематичност и да нема повторување во составите.

За илустрација наведуваме некои од таквите состави:

— „...една борба заврши, но веднаш по неа започна нова — борба за изградба на татковината. Со здружени сили во братство и единство од пепелиштата нашите народи ја изградија нова Југославија — татковина на среќни и рамноправни народи и народности, заснована врз социјалистички и самоуправни принципи. И во тие денови на изградбата, цврстата рака на Јосип Броз Тито решително го покажуваше вистинскиот пат. Пречките на тој пат со многу напори и пожртвуваност беа совладувани...“

— „Југославија тргна по патот на социјалистичката изградба и стана една од најголемите поборници за мир во светот и соработка меѓу народите. Политиката што нашата земја ја води и другите земји и народи да бидат слободни и рамноправни, се идентификува со името на Јосип Броз Тито. Со тоа дој доби многу признанија во целиот свет. Никита Хрушчов, претседател на владата на Советскиот Сојуз, за улогата на Јосип Броз Тито во тешките денови на т.н. информбировски период, периодот кога се решаваше прашањето за рамноправни односи меѓу социјалистичките земји и кога Југославија тргна по свој сопствен пат во изградбата на социјализмот, рече: „Во деновите на 1948 година, кога на Југославија и се прилепуваа и одлепуваа етикети со филмска брзина како: Југославија е или не е социјалистичка земја, Југославија е или не е инструмент на американската политика и така натаму, Јосип Броз Тито покажа извонредна смиреност и трпливост, но и упорност и цврстина, односите меѓу Југославија и другите земји и натаму да бидат добри“.

Други ученици своите излагања ги посветија на надворешната политика на нашата земја, како, на пример, следново:

— „...напредните луѓе во светот со симпатии гледаа кон политиката на активна и мирољубива коегзистенција. Мнозина ја прифатија, ја поддржуваа и ја почитуваа. Нејзината оправданост беше очевидна, бидејќи ги изразуваше вистинските објективни императиви на нашето време — на времето на научната и техничката револуција, кога искуствата од Втората светска војна, со примената на атомското оружје и со неговото натамошно усовршување, најсилно укажуваа за последиците од блоковското престројување на народите во светот. Политиката на активна и мирољубива коегизистенција значеше борба за немешање во работите на другите земји. Тоа значеше борба за невооружување и активна соработка меѓу народите на сите полиња... Тоа, впрочем, најдобро го потврдуваат Титовите зборови. Уште во 1954 година, на една седница на Сојузната Народна скупштина тој рече: „Никој нема право да вели за нас дека сме некакви непоправливи наутралци. Ние сме активна независна држава на меѓународниот терен. Ние сакаме да бидеме фактор кој придонесува за смирување...“

На часот го слушавме и Титовиот глас, снимен на магнетофонска лента*) што остави кај учениците посебен впечаток, како да е Тито присутен на часот, меѓу учениците. Тие поблиску ја

---

*) Тоа нѝ овозможи Редакцијата на училишните радио емисии при Радио Скопје. Бесценета помош на учениците им пружи стручниот соработник на оваа служба Ѓурѓевка Донеска-Тренчевска во организацијата на часот, кој беше потоа и емитуван преку Радио Скопје во рамките на училишните емисии.

почувствуваа неговата неизмерна грижа, народите и народностите на Југославија, што вековно беа угнетувани и национално обесправени, да бидат слободни, рамноправни и сестрано да го развиваат своето национално битие, својата национална култура.

На часот една ученичка го покани другарот Крсте Црвенковски да им зборува на учениците „за придонесот на Јосип Броз — Тито за вистинската национална афирмација на македонскиот народ во рамките на нова Југославија".



Излагањето на другарот Црвенковски беше сослушано со исклучително внимание и остави посебен впечаток, кај учениците зашто значеше збогатување со нови сознанија, претстави и согледувања за личноста на Тито. Од особено значење за младите македонски генерации, за она што тие треба постојано да го имаат на ум, беа зборовите кои другарот Црвенковски им ги упати, за она што Тито значи и треба да значи за нас Македонците, за македонската нација. Во таа смисла цитираме некои делови од неговото излагање,**) кои звучат како порака до младите.

„... Последните три и половина децении од историјата, борбата, постоењето, растежот, зреењето, достигањата и созревањата на македонскиот народ, тесно се врзани за Титовата личност и неговото богато дело. Ние Македонците сме народ кој последен во Европа се здоби со национална слобода и докрај се конституирал во модерна и слободна нација во Титово

**) Говорот на другарот Крсте Црвенковски целосно е објавен во весникот „Нова Македонија" од 19. IV. 1972 година.

време, преку својата разгорена револуционерна борба под негово водство. Тито е вграден во нашата современа историја. Како водач на сите југословенски народи, тој е најмаркантната фигура во современата историја на македонскиот народ“.

— „... Другарот Тито, застанувајќи на чело на КПЈ, со целиот свој сензибилитет и интуиција ги претчувствуваше судбоносните настани што се приближуваа како пресвртница во историјата на народите. Отаде, тој со сета енергија и револуционерна настојчивост се ангажира за консолидацијата на Партијата, за градење на единството на работничката класа и собирајќи ги околу себе марксистички образованите, низ борба прекалените и политички опитните револуционери, обезбеди да се конституира адекватна за времето политичка линија на Партијата. Во тој момент Тито размислуваше за положбата во Македонија. Тој од своја страна правеше сѐ да се зацврсти партиската организација во Македонија, да се поттикне на борба младата и нејака работничка класа, да се разјасни курсот по националното прашање и конечно да се отворат перспективи за национална слобода на македонскиот народ...“

— „... не случајно КПЈ беше единствена партија која меѓу двете војни фати длабоки корени во Македонија. Сите други граѓански партии беа сметани од народните маси на Македонија за туѓи, накалемени. Поврзаноста со КПЈ на движењето на работничката класа, младината, студентите и конечно целиот работен македонски народ, беше пресудно за определбата во 1941 година. Останувањето на партиската организација на Македонија во составот на КПЈ ги определи натамошните текови на борбата, на успесите и конечно на слободата на македонскиот народ. Титовата улога и во овие настани е од огромно значење...“

— „... Низ целото време на НОБ, другарот Тито со внимание ги следеше настаните во Македонија на воената и политичката сцена. Тој не се воздржуваше од време-навреме да упати пофалби, да даде совети, па и отворено да покритикува. Тито се грижеше за постојани врски со Македонија и упатуваше делегати на Врховниот штаб и на ЦК КПЈ. Во 1943 година Тито и ЦК КПЈ ја донесоа знаменитата одлука за создавање на Комунистичката партија на Македонија и за формирање на нејзиниот Централен комитет. Овој настан и сам по себе предизвика нов бран на револуционерно движење сред трудбеничките македонски маси .

Во текот на своето натамошно излагање другарот Крсте Црвенковски особено го подвлече значењето на II-то заседание на АВНОЈ во чии историски одлуки за создавање на федерација на рамноправни народи и народности.

„Македонија... конечно ја наоѓа својата форма на национално и државно живеење во своја Република“. Тито — нагласи другарот Црвенковски — во тој момент мислеше и посебно за Македонија. Тој настојуваше во АВНОЈ, покрај претставниците на младото поколение кое се бори на македонска почва, да привлече и стари истакнати револуционери. Тито ги бара нив и во емиграцијата. Делумно, во тоа и успеа. Сето ова го правеше со намера да постави и некој континуитет во борбата на македонскиот народ за негова слобода...“

Со посебен интерес беа проследени и наведените зборови на другарот Тито со кои ги упатил првите признанија кон борбата на нашиот народ:

„Во текот на оваа војна во Југославија не може да се каже кој народ дава повеќе и кој е повеќе подготвен да даде за заедничкото дело. Тука беше и македонскиот народ. Тој докажа дека е клевета она што се зборуваше пред војната оти Македонците не сакаат да бидат во заедница со другите народи на Југославија. Во оваа војна македонскиот народ докажа со својата крв и со своите жртви дека сака да живее во таа заедница. Но македонскиот народ докажа и дека сака да живее како рамноправен член на таа заедница". (Од говорот на Тито во Скопје, на 11 октомври, 1945 г. на Денот на востанието на македонскиот народ.)

Во оваа смисла другарот Крсте Црвенковски продолжи:

— „...Во друга прилика, пред Словенечката академија на науките, Тито ги искажа и овие мисли: ,Ниту Македонците ниту другите дотогаш угнетени народи на Југославија, не го добија со декрет своето национално ослободување. Тие се бореа со пушка во раце за тоа национално ослободување.' Овие искажувања дојдоа веднаш по војната од човекот кој беше на чело на една од најлегендарните револуции во овој наш дваесстти век. Тие го покажуваа и неговото длабоко чувствување и познавање на патилата и црнилата што нашиот народ ги минал низ долгото многувековно ропство..."

Другарот Крсте Црвенковски особено ги подвлече следниве свои зборови што им ги упати на учениците, а кои се однесуваа за братството и единството на нашите народи и народности:

— „...Сакам сега да ви го свртам вашето внимание кон особено значајните мисли што другарот Тито ги искажа на 25-годишнината од АСНОМ во Скопје, во кое ја подвлекува улогата на работничката класа во разрешувањето на националниот проблем. Тој вели: ,Силата на социјалистичка Југославија е токму во нејзиниот самоуправен социјалистички систем и федеративно уредување. Со натамошниот развиток на југословенската социјалистичка федерација на рамноправни републики, ќе се зајакнува и кохезионата сила, која врз основите на социјалистичкото самоуправување, ги поврзува сите народи и народности во цврста југословенска социјалистичка заедница. Врз таа основа постојано се продлабчува социјалистичкиот патриотизам на граѓаните на Југославија'."

На крајот од своето излагање тој го приведе постојаното Титово настојување — младината на југословенските народи постојано да се здружува и запознава зашто

„Паролата за братството и единството, таа генијална и длабока хумана Титова идеја и платформа, помага да се лекува секое скршнување, затвореност, себевљубеност, провинциска затапеност и регионална ограниченост. Оттука, со зближувањето на народите, не само што не може во никој случај да биде засегнат националниот индивидуалитет туку напротив, тој станува побогат, похуман, па конечно и повеќе прифатлив за другите".

Крајот на излагањето на другарот Црвенковски присутните на часот го поздравија со топол долготраен аплауз.

Во завршниот дел на часот учениците упатија поздравно писмо до Тито, коешто го составија членовите на литературната секција. Писмото кое беше со одушевување прифатено од присутните гласи:

Драги наш Тито,

Во оваа пролет, кога убостите на младоста и пролетта ја китат празничната атмосфера за денот Твој, и во овој мај во кој вплетуваме желби со кои посакуваме да се чувствуваме како секој пат во пресрет на нашите идеали и да се гордееме со Твоите разбирања за нашите барања, дозволи ни да ја вплетеме младоста во синонимот на она што безгранично го сакаме, Твојата личност, и да ги остваруваме Твоите и нашите желби и надежи што остануваат нераскинлив дел на нашите стремежи и да ја изразиме благодарноста, која вечно ќе остане недоискажана, но ќе се чувствува во сите наши амбиции, остварувања, успеси.

Среќни сме што Те имаме Тебе во оваа стварност, среќни ќе бидеме ако иднината и понатаму ни ја подарува Твојата грижа, Твојата поддршка за доброто и среќниот живот на сите нас.

Учениците на $IV_5$ клас, собрани на Свечен час по повод на Твојот роденден — од името на сите млади и на целиот работен колектив при Гимназијата „Јосип Броз Тито“ во Скопје

* * *

Би сакале да одбележиме некои од позитивните резултати од свечениот час што можеа да се видат набргу по неговото одржување.

Сè до крајот на учебната година, помеѓу учениците, а и пошироко, не ретко се расправаше за часот посветен на Тито. За некои ученици тоа е незаборавен час, што ќе го понесат со себе во животот, за други тоа беше час што ги доближи до Тито. Некои од нив биле кај него и затоа часот го доживеаја на посебен начин.

По часот, меѓу учениците беше спроведена анкета со прашање: што е за нив Тито, што чувствуваат кон него и како ги следат неговите мисли и идеи? Беа возбудени и полни со безгранична љубов. Впрочем, тоа се гледа и од нивните одговори: „Среќни сме, необично среќни што е Тито наш водач“, „Тито е комплетна личност: во војната стратег и борец, во изградбата — визионер, во мирот — борец за меѓучовечки разбирања“, „Наш долг

е да го следиме“, „Неговите пораки до младите се светол патоказ за чекорење во посреќно утре“, „Сите сме горди што нашата гимназија го носи неговото име, тоа и нè радува, но и нè поттикнува за постигнување на подобри резултати“.

Да споменеме само уште некои одговори од анкетата од кои може да се види ефектот и значењето на еден таков час: „Тој е личност од народот и за народот“. „Го сакаат сите“, „Она што ги обединува нашите народи и го зацврстува братството и единството меѓу нив е Титовата личност“, „Неговата личност импонира и побудува кон нови работни победи, а на нас учениците тој ни дава пример како треба да учиме за да ги замениме старите“. И другите така мислеа. Некој од анкетираните рече: „Тито — тоа е синтеза на сè најубаво, најчовечно“. А сите рекоа: „Уште долго да биде меѓу нас, а таа желба сега, кога ја прославуваме осмата деценија од неговиот плоден живот, е посилна од секогаш“.

Освен тоа оваа форма на вончасовната работа по историја им овозможи на учениците да си ги прошират своите знаења. Прочитаната литература, сè она што се дискутирало, анализирало на состаноците при подготовката на часот, како и она што се излагаше на свечениот час, посебно од другарот Крсте Црвенковски, се покажа и како значајна подготовка на учениците во поглед на претстојниот завршен испит. Тоа се согледа и при изработката на писмената задача по македонски јазик, во одбраната на нивните матурски состави што беа со тематика од најновата историја на нашите народи, како и на усните одговори по соодветните предмети.

Тоа се само некои од позитивните ефекти што ги имаше свечениот час. Но, сепак, највредни се доживувањата и чувството кај учениците дека еден час поминале со Тито. Нив тие ќи ги носат трајно.